Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
GFA CONSULTING GROUP
EU for YOU



МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО
Агенција за остварување на правата на заедниците

# ПРАВЕДЕН И ЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЗАТВОРИ

*Издавач:*
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

*Автори:*
Елена МУЈОСКА ТРПЕВСКА
Константин БИТРАКОВ

*Соработници на проектот:*
Елена ПЕЈЧЕВА
Фросина КАСНИОСКА

*Уредник:*
Елена МУЈОСКА ТРПЕВСКА

*Превод на ромски јазик:*
ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ (ЕРРЦ)

*Дизајн на корица:*
Фросина КАСНИОСКА

*Техничка подготовка:*
Орданче ПЕТРОВ

*Печати:*
СТОБИ ТРЕЈД дооел

*Тираж:*
100



Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union

Агенција за остварување на правата на заедниците

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот ***Праведен и еднаков третман на Ромите во македонските затвори*** од Македонско пенолошко друштво со поддршка на Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) преку проектот „Зајакнување на демократијата преку промоција на правата на заедниците“ што е финансиран од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на АОПЗ или организациите што ја спроведуваат.

## Листа на кратенки

**ВПУ** – Воспитно - поправна установа;
**ЕКЧП** – Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи;
**ЕСЧП** – Европски суд за човекови права;
**ЕЦПР** – Европски Центар за Правата на Ромите;
**КПУ** – Казнено - поправна установа;
**МПД** – Македонско пенолошко друштво;
**РСМ** – Република Северна Македонија;
**УДЧП** – Универзална декларација за правата на човекот;
**УРСМ** – Устав на Република Северна Македонија
**ХОПС** – Healthy Options Project;
**ЦСР** – Центар за социјална работа.

# ПРЕДГОВОР

Казненоправниот систем, како начин на општествено дејствување на државата кон сторителите на казнени дела, е изложен на постојани жестоки критики, упатени кон централната, доминантна казнена санкција што го претставува јадрото на секој казнен систем – казната затвор. Дискриминацијата, нехуманото и брутално постапување, како и недостатокот на соодветна здравствена заштита, се само дел од низата проблеми, со кои се соочуваат лицата осудени на издржување на казна затвор.

Идејата за овој проект е резултат на две претходни сознанија. Прво, во македонското општество сè уште постои фактичка нееднаквост помеѓу ромите и припадниците на останатите заедници. Второ, пенитенцијарните установи се рефлексија на општеството воопшто, така што се појавува оправдано сомневање дека нееднаквоста е пресликана и таму. Следствено, оваа публикација тежнее кон пројавување на свест и ставање акцент на заштитата и промоцијата на правата на осудените лица, кои не се во можност самостојно да се изборат за нивно доследно остварување, како и изнаоѓање на решенија и предлози кои ќе водат кон похумано постапување.

Проектот **„Праведен и еднаков третман на ромите во македонските затвори“** беше спроведен од страна на **Македонското пенолошко друштво** со финансиска поддршка на Агенцијата за остварување на правата на заедниците како дел од поголем проект за Подобрување на демократијата преку поттикнување и заштита на малцинските права (Enhancing Democracy through promotion and protection of Minority Rights) на Европската Унија.

Би сакале да изразиме благодарност до Управата за извршување санкции, КПУ Затвор Охрид и ВПД Тетово, КПД од отворен вид Струга и Затвор Тетово без чија готовност за соработка не би можеле успешно да ги спроведеме проектните активности. Голема благодарност и до адвокат Сенада Сали од Европскиот Центар за правата на Ромите (ERRC) за големата поддршка при спроведување на проектот.

Скопје 2019 година
**д-р Елена Мујоска Трпевска**
Претседател на МПД

# ВОВЕД

Проектот **„Праведен и еднаков третман на ромите во македонските затвори„** беше спроведен од страна на **Македонското пенолошко друштво** со финансиска поддршка на Агенцијата за остварување на правата на заедниците како дел од поголем проект за Подобрување на демократијата преку поттикнување и заштита на малцинските права (Enhancing Democracy through promotion and protection of Minority Rights) на Европската Унија. Македонското пенолошко друштво е првата невладина, непартиска и непрофитна организација која се занимава со пенологијата, односно со развојот на пенолошката мисла во државата. Сочинето од повеќе експерти, Македонското пенолошко друштво цели кон подобрување на состојбите во пенитенцијарните установи, а во крајна инстанца и до поправичен третман на осудените лица и нивна успешна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Во таа насока, овој проект, како што всушност сугерира и неговиот наслов, имаше за своја цел да го привлече вниманието на македонската научна и стручна јавност кон на каков однос наидуваат осудените лица кои припаѓаат на ромската заедница, поточно да ги расветли евентуалните нееднаквости помеѓу индивидуите во пенитенцијарните установи.

Заштитата на основните човекови и општествени вредности и права, кои заемно се условуваат и се дополнуваат, претставува појдовно, но и целно одредиште на казненото право. Нема демократско општество без почитување на индивидуалните слободи и права, а нема ни слободна личност без почитување и соодветна заштита на општествените вредности. Основните слободи и права на човекот и на граѓанинот се уставно загарантирани права: *Граѓаните пред Уставот и пред законите се еднакви* (чл. 9, УРСМ), *Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени; се забранува секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување* (чл. 11, УРСМ). Уставно загарантираните слободи и права се неповредливи, тие не можат да се менуваат или да се ограничуваат со некаков друг


Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

акт. Поимот слобода изразува определен облик на некое право, и тоа таков облик што по обемот на самостојност и индивидуалност во неговото остварување и уважување стои на повисоко рамниште. Како што истовремено секое право претставува определен облик и степен на слобода, така и секоја слобода, со тоа што е уставно и правно загарантирана, истовремено е и право.[1] Почитувањето на основните човекови слободи и права, нивната неприкосновеност и неповредливост се гарантира со казненоправна заштита, заедно со другите облици на заштита. Но, треба да се нагласи дека објект на заштита не претставуваат сите уставно загарантирани слободи и права, туку само оние што не можат да се обезбедат преку други соодветни заштитни механизми. Казненоправната заштита на основните слободи и права истовремено подразбира и широк обем на казненоправна репресија, особено во поглед на предвидените санкции што служат како државна алатка за ограничување на човековите права и слободи. Сето тоа налага казненоправната заштита да биде последна и нужна мерка.

Ако едно општество своите темели ги има поставено врз принципите на правна држава, во која владеат законитоста, легитимноста и еднаквоста на луѓето, демократијата, хуманоста и почитувањето на достоинството на личноста, во тој случај треба да одговори на два предизвици: *прво,* дали ќе изгради пенитенцијарен систем во кој ќе владее хуманоста и почитувањето на личноста на осуденото лица или, пак, ќе изгради систем во кој ќе владее репресијата во извршувањето на казненоправните санкции и, *второ,* дали ќе создаде услови пенитенцијарниот систем да функционира на начин и во услови во кои ќе се обезбеди остварување на целите во казнувањето како битен елемент на политиката на сузбивање на криминалитетот.[2]

1 Камбовски В. (2011) Коментар на Кривичниот законик на РМ – Интегрален текст. Скопје, стр.39.

2 Мујоска Трпевска Е. (2017) Кратки казни затвор, Скопје, стр. 3-4.

Идејата за овој проект е резултат на две претходни сознанија. Прво, во македонското општество сè уште постои фактичка нееднаквост помеѓу ромите и припадниците на останатите заедници.[3] Прашањето за нееднаквоста претставува прашање од несомнена важност и интерес имајќи го предвид секојдневното соочување со реалните проблеми што произлегуваат од прекумерното изрекување затворски казни. Второ, пенитенцијарните установи се рефлексија на општеството воопшто, така што се појавува оправдано сомневање дека нееднаквоста е пресликана и таму. Научната мисла започнува сериозно да се занимава со изнаоѓање можност за сузбивање на криминалитетот преку остварување на целта на казнувањето - цел врз која се темели секој современ казненоправен и пенитенцијарен систем. За да се оствари посакуваната цел и за да се обезбедат ефикасна и квалитетна заштита на најзначајните општествени добра и вредности, казненоправниот систем ги определува условите за извршување на санкциите врз основа на однапред поставени законски одредби за казните. Доминантно место зазема казната затвор што треба да доведе единствено до ресоцијализација на осуденото лице и до негово превоспитување.

Дополнително, кривично-правната фела налага постојана детекција на институционалните проблеми поврзани со недоследна заштита на правата како во однос на преткривичната и судска постапка, така и во однос на прашањата по завршување на истата, но и по евентуалното сместување во соодветна пенитенцијарна установа. Пенологијата пак, како самостојна и релативно млада научна дисциплина, својот фокус на изучување го става на условите и третманот на деликвентите во казнено поправните установи. Преку анализа на истите, пенолошката наука и пракса создаваат погодна основа за по-

3 Повеќе во Спиталски А. (2018). „Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравствената заштита". Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце" и Меѓународна група за малцински права, достапна на https://minorityrights.org/wp-content/uploads/2018/11/MRG_Brief_Mac_MAC_Nov18.pdf (последна посета: 26.11.2019).

натамошно подобрување на условите кои би значеле успешна ресоцијализација и реадаптација во социјалната средина. Тргнувајќи од најопштото значење на начелото на законитост, неминовно е и спомeнувањето за неговата примена преку затворскиот кодекс. Но, што всушност би претставувало тоа? Како што веќе нагласивме, овозможувањето на еднаков и праведен третман на сите затвореници е од суштинска важност за спроведување на успешен процес на ресоцијализација. Интенцијата на секое современо казнено законодавство е рестриктивна примена на казната затвор, а тенденцијата на секој модерен казненоправен систем, пак, е овозможување третман на слобода за сторителите на полесни казнени дела и првопрестапниците. За жал, практиката на третман на затворениците во македонските затвори говори за една сосема поинаква состојба. Состојба која во ниту еден аспект на поимот еднаквост (во поширока смисла) не значи негова доследна примена. Она што е важно да се напомене е дека во ниту еден случај казната затвор, со нејзиниот ретрибутивен карактер, не би смеела да се поистоветува со некаква заблуда за потребата од влошување на условите, со цел дополнителна одмазда за стореното.

Прашањето за остварување на третманот на осудените лица за време на издржување на затворската казна е дополнителен проблем во нашиот казненоправен систем. Поимот третман може да се разгледува од два аспекти. Поширокиот поим на третманот се однесува на постапување со осуденото лице – сторител на казнено дело пред да му биде изречена казна, односно во текот на кривичната постапка, за време на издржување на казната и, конечно, по издржување на казната во т.н. постпенален период. Сите овие фази опфатени од поширокиот поим на третман се надоврзуваат и се надополнуваат за остварување на главната цел – ресоцијализација на осуденото лице. Имено, тука се содржани судскиот третман, т.е. третманот во кривичната постапка; третманот на осуденото лице за време на издржување на казната и постпеналниот третман.[4] Сепак, ваквото изучување на поимот третман е премногу широко поставено, бидејќи опфаќа подрачја што се предмет на изучување на криминалната политика и

4 Milutinović, (1985) Penologija Treće dopunjeno izdanje. Savremena administracija, Beograd, стр.92.

го опфаќа третманот на осуденото лице не само во фазата на извршување на казните, туку и во другите фази: во претходната фаза на кривичната постапка и фазата извршување на казната[5]. Во потесна смисла, поимот третман подразбира „лекување“ на осуденото лице, односно примена на институционални и вонинституционални мерки за превоспитување на осудениците за нивно социјално адаптирање и оспособување за нормален живот на слобода.[6] Вака сфатен, третманот може да се примени и врз поединци и врз групи сторители на казнени дела, па затоа се среќава и како „третман на деликвенти“. Оттука, третманот претставува систем на мерки, постапки и однесувања спрема осудените лица што издржуваат казна лишување од слобода, а се применуваат за превоспитување на сторителот на казненото дело и остварување на процесот на ресоцијализација.[7] За жал, кај нас, ниту се остварува третман за време на издржување на казната, ниту се остварува постпенален третман. Евидентни се трагите што ги остава концентрацијата на големиот број криминалци во еден мал простор како што се затворските установи.

Загрижувачки е фактот дека повредата на правата на ромите како затвореници, започнува уште во текот на самиот процес на поведување на кривична пријава против нив и трае сè до завршување на истата, а најчесто и по сместувањето во соодветната установа. Досегашната анализа[8] говори за фактот дека уште при спроведувањето на распит од страна на полициските инспектори имало случаи на обиди да се наметне признавање на кривично дело, при што биле убедувани дека ќе нема потешка последица по нив. Условите во пенитенцијарните установи се круцијални од аспект на големата поврзаност со ре-

5 Според Арнаудовски, Груевска-Дракулевски (2013), ваквото изучување е надвор од доменот на пенологијата, стр. 309.

6 Wormith, et al. (2007), The Rehabilitation and Reintegration of Offenders The Current Landscape and Some Future Directions for Correctional Psychology.” Criminal Justice and Behavior 34, no. 7, p. 880.

7 Мујоска Трпевска Е. op.cit. стр. 329.

8 Истражување направено од невладината организација : Центар за правни истражувања и анализи https://www.pravnozajakni.mk/wp-content/uploads/2018/06/%D0%94%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D0%A0%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B3%D0%B8-%D1%83%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0.pdf


Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

цидивизмот и секако ширењето на криминалната зараза.[9]

Оттука, целта на оваа публикација е пред сè да се придонесе кон што е можно поправеден и еднаков третман на ромите во рамките на пенитенцијарните установи, насочен кон промовирање на принципот на заштита од дискриминација, со цел унапредување на нивното достоинство и интегритет.

До денес, не е забележан успех при остварување на процесот на индивидуална ресоцијализација во затворските установи. Затоа, од особена важност е да се пристапи кон понатамошна анализа на третманот на ромите како осудени лица во овие установи и (не)можноста тие целосно да ги остварат своите права.

Дискриминацијата, нехуманото и брутално постапување, како и недостатокот на соодветна здравствена заштита, се само дел од низата проблеми, со кои се соочуваат овие лица при издржување на казната затвор. Следствено, оваа публикација тежнее кон пројавување на свест и ставање акцент на заштитата и промоцијата на правата на овие лица, кои не се во можност самостојно да се изборат за нивно доследно остварување, како и изнаоѓање на решенија и предлози кои ќе водат кон похумано постапување.

Според податоците од Управата за извршување санкции, ромите претставуваат 16% од затворската популација во Северна Македонија.

Истовремено тие претставувале и 50% од смртните случаи во затворите во 2017 година (четири од осум). Ваквата состојба е особено алармантна! Во улога на стручна јавност, не смееме да останеме „неми“ на опишаните состојби со кои се соочуваме како општество. Стабилноста на една држава пред сè значи законско третирање на маргинализираните групи во остварување на нивните права, без оглед на фактот што сториле кривични дела, со нагласување на потребата од дистинкција помеѓу казната затвор и условите за издржување на истата.

Тешки кривични дела се случуваат и во развиените држави со далеку подобри услови од оние во нашата, со што и се заклучува дека

---

9 Повеќе во Учебник ,, Пенологија'', автори:Проф. д-р Љупчо Арнаудовски и Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, година на издавање 2013, Скопје, стр. 52

тежината на кривичното дело нема апсолутно никаква поврзаност со исполнувањето на воспоставените стандарди за издржување на казната. САД, Канада, Австрија, Норвешка, Шведска, Шпанија, Шкотска и Германија, ги поседуваат и нудат најхуманите и најпристојните затворски услови. Од другата страна на оската, како држави кои имаат најлоши и најнехумани услови се наоѓаат Русија, Индија, Кина, Тајланд, Нигерија и Сингапур.[10] Имајќи ги предвид сите меѓународни конвенции кои нашата држава ги има ратификувано, а кои се однесуваат токму на потребата од хумано постапување со секоја единка (притоа налагајќи одредени стандарди), сосема очигледна е одговорноста на надлежните институции. Ако осудените лица казната ја издржуваат во хумани услови со соодветни сместувачки услови, храна и вода, пристап до светлина, свеж воздух, здравствена заштита, како и организирање одредени физички активности или работилници односно остварување на секојдневните човекови потреби на најдостоинствен начин, тогаш шансите кај овие лица да се јави свест, желба и подготвеност за соработка се многу поголеми. Таквите услови, понатаму би придонеле и кон значително редуцирање на насилството и конфликтите помеѓу затворениците. Од друга страна пак, сѐ она што претставува целосна спротивност на хуманите услови ќе резултира со аномија во системот, и зголемен револтот, насилството и агресијата, со една заклучна реакција дека таквите услови би претставувале „плодна почва" за понатамошно ширење на криминалитетот.

Уште еднаш треба да се потенцира важноста на почитувањето на човековите права при извршувањето на затворските санкции и потребата од цврста заложба на сите инволвирани субјекти за надминување на недостатоците што произлегуваат од извршувањето на санкциите. За таа цел, треба да се следат позитивните искуства на европските законодавства за модифицирано издржување на затворската казна со воведување т.н. полуслобода, полудневен затвор или „викенд-затвор" *(semiliberty, semidetention, semicustody)* или, пак, можноста за сместу-

10 Истражувањето е направено од страна на официјалната страна на business insider https://www.businessinsider.com/prison-cells-prisoners-around-the-world-2018-3#the-federal-correctional-institution-in-el-reno-oklahoma-is-a-medium-security-facility-that-houses-about-1000-male-inmates-3, (последна посета на:28.11.2019).

вање на осудените лица (особено лицата на кои им е изречен условен отпуст) во транзитивни хостели или „half-way houses“ (во Англија наречени *bail hostel)*[11]. На тој начин, истовремено се олеснува извршувањето на зат ворските казни и се намалува прекумерниот процент на затворска популација.

Ресоцијализацијата претставува основна детерминанта на извршувањето на санкциите, вклучувајќи ги и кратките казни лишување од слобода и претставува барање за постапување со осуденото лице што целосно ќе биде проникнато со потребите за негово поправање и превоспитување. Личноста мора сама да работи на отстранување на негативните, антисоцијални тенденции, со што ќе ја олесни сопствената социјална реинтеграција во општеството.

Едно од поновите истражувања покажува дека во последните години постојат значителни подобрувања во работата со осудените лица за време на, и по издржување на казната, во поглед на решавање на проблемите, подигнување на свеста за последиците, учење од претходното искуство итн. Тоа можеби се должи на модернизацијата на техниките на работа на надлежните лица, упорноста од страна на осудениците, но и нивната обострана истрајност во процесот.[12]

Интересен е случајот со поднесената тужба против Министерството за образование и Корективниот центар (Домот) во однос на правото на образование. По истата била донесена пресуда на 16.09.2019 година, со образложение дека не постоела дискриминација кај овие лица во остварувањето на нивното право за образование, велејќи дека образованието воопшто не се обезбедува за никого, што е сосема апсурдно бидејќи тие повторно се лишени од своето право, независно што не станува збор за директна дискриминација. Меѓутоа она што апсолутно не би смеело да се дозволи, ниту пак замисли е овие лица да не бидат спознаени со своите права, а токму тоа е практика во македонските затвори. Воопшто немаат правни застапници кои би

11 Mrvić-Petrović, (2012) Varijante zatvorskog tretmana kao alternativne krivične sankcije i mere. Strani pravni život 2/2012. Institut za uporedno pravo. Beograd, p.211.

12 Позитивен пример за спроведување соодветни третмани е Reasoning & Rehabiitation Program, чии резултати покажуваат значителен успех и намалување на степенот на опасност на сторителите, поопширно: Wettermann, Schläfke and Fegert, 2012: 205.

ги информирале за истите, иако државата е онаа која треба да им ги обезбеди, доколку самите не се во можност. Сето ова предизвикало ромите да бидат во една незавидна положба, не можејќи да поднесат ниту жалба, ниту пак да бидат известени за евентуална амнестија.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА СОСТОЈБАТА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЗАТВОРИ

Со цел успешно спроведување на проектот, Македонското пенолошко друштво изврши анализа преку повеќе методи. Методолошката рамка е илустрирана во продолжение.

Прашалникот кој беше спроведен при посетите во респективни пенитенцијарни установи го сочинуваа вкупно 13 прашања. Прашањата беа исти за сите установи и главно се однесуваа на нивната возраст, градот од каде доаѓаат, кривичното дело кое го извршиле, дали се

*Илустрација бр. 1*



задоволни од условите во установата, што не им се допаѓа и што би сакале да се промени. Понатаму, прашалникот содржеше прашања за тоа дали ги посетува психолог, колку често се одржуваат таквите посети, но и дали имаат пристап до него секогаш кога чувствуваат потреба. Беа поставени прашања во однос на редовната здравствена заштита, соодветна лекарска терапија, дали имаат некакви физички активности, работници или обуки и дали се ангажирани во работни обрски. Каков е нивниот однос со останатите затвореници, дали имаат чести конфликти и дали добиваат награди и казни и од каков вид се истите. За крај, од особена важност беше и прашањето дали имаат каде да одат по издржувањето на казната затвор.

## Детектирани состојби во Затвор Охрид и КПД од отворен вид Струга

### Затвор Охрид

Согласно погоре презентираната правна рамка, при посетата на Затворот во Охрид, во кој привремено (но, за волја на вистината, прилично долго) се наоѓа и Воспитно поправниот дом Тетово, беше извршен непосреден увид во просториите, но беше спроведен и прашалник помеѓу оние осуденици кои се роми. Беа испитани вкупно десет затвореници, од кои двајца издржуваат казна затвор, додека осум од нив во моментов се наоѓаат во делот од установата каде што се сместени децата од ВПД Тетово.

Во продолжение ги истакнуваме суштествените податоци добиени преку увидот, односно од разговорите со осудените лица.

Во однос на кривичните дела кои ги извршиле, во најголем дел станува збор за разбојништво, кражби, тешки кражби, неколку случаи на обид за убиство и еден случај на полов напад врз дете. Што се однесува до условите во установата, добар дел од испитаниците одговорија дека се задоволни од истите, имајќи го предвид фактот дека се свесни за каков вид на установа станува збор. Како најчести одговори на прашањето што би сакале да се промени, тие ги наведоа спортските сали (игралишта) или теретани. Исто така, речиси сите од нив

пројавија желба за продолжување на нивното образование во рамките на установата, организирање некакви работилници или можност за некаква работа повторно во самата установа. Согласно одговореното, образованието и организирањето тренинзи/обуки во рамките на самата установа престанале да се одржуваат од  март 2018 година, но една од позитивните вести е дека од месец ноември 2019 година, во оваа установа повторно е организирано и се спроведува редовно основно образование со одржување на часови по македонски јазик и математика, 5 дена во неделата и часови по англиски јазик, три дена во неделата. Во секој случај вработените постојано наоѓаат начин да се организираат, согласно своите способности, знаења и можности, да ја продолжат наставата, но и да ги ангажираат овие лица (кои во најголем дел се сѐ уште малолетни), времето изминато таму продуктивно да го искористат.

Кога станува збор за посетите на психологот, речиси сите одговорија дека можат да поразговараат со нив во секое време кога ќе почувствуваат потреба, и дека благодарение на честите разговори се чувствуваат подобро. Насетувајќи го особено пријателскиот однос, бевме во можност да утврдиме дека од нив беа поприлично задоволни и дека во текот на целото работно време, тие постојано се со нив. Ова е од особена важност бидејќи не смееме да заборавиме дека станува збор за малолетни лица кои се наоѓаат на почеток од својот живот, кои без оглед на стореното, заслужуваат шанса повторно да се вратат и инволвираат во сите пори на активното општествено живеење. За таа цел, пожелно е да се отворат нови функционални библиотеки и да се обноват и модернизираат постоечките библиотеки во рамките на ваквите домови, кои ќе бидат снабдени со книги од најразлични области и ќе бидат достапни не само на македонски, ромски туку и на било кој друг јазик кои го зборуваат заедниците.

Наградите согласно одговорите, во најголема мера се однесуваат на неколку часа поминати дома, слободен викенд или пак дозвола за вршење работни активности. Еден од испитаниците одговори дека бил ангажиран како градинар во болницата во Охрид и за тоа добивал надомест. Како казна, главно се споменуваше самицата која траела до една недела.


EU for YOU
GFA CONSULTING GROUP
Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Чести беа одговорите и дека генерално се задоволни од досегашните услови, меѓутоа нивната единствена желба би била да се вратат дома кај своите семејства. Најголем дел од затворениците одговорија дека по издржување на казната затвор имаат каде да отидат и да бидат соодветно згрижени, меѓутоа тројца од нив дадоа одговор дека нивната ситуираност не е најдобра, а со тоа би имале проблем по излегување од установата. Се нагласува и потребата од можно раздвојување и евентуално зголемување на просторниот капацитет каде се издржува казната, пред сѐ поради честите конфликти меѓу затворениците од ВП и затворот. Забележавме дека речиси и да не постои разграниченост на просторот помеѓу воспитното одделение и затворскиот дел. Децата кои се наоѓаат во ВП немаат голем двор каде би можеле да излегуваат и да се релаксираат, а со оглед на тоа дека и самите простории во кои се сместени се претесни и несоодветни, ова претставува само уште еден проблем кои влијае на нивното ментално здравје.

Прашалникот исто така содржеше и прашање кое за нас беше од суштинска важност за спознавање на праведниот и еднаков третман на ромите како затвореници, а истото се однесуваше на физички или вербален напад од страна на полициските службеници. Дел од нив дадоа одговор дека досега не биле омаловажувани или физички нападнати и дека тоа се должи на нивното примерно поведение, но имаше и случаи каде како одговор добивме дека физичка сила се употребува во ситуации кога е „неопходна" за да може да се одржи редот и мирот (во случај на тепачки помеѓу затворениците). Од методолошка гледна точка, спроведувањето на само еден прашалник може да служи како основа за стекнување првични релевантни сознанија за состојбите во пенитенцијарните установи, но евидентна е потребата и за натамошни продлабочени активности, односно истражувања. Во низата проблеми се надоврзува и проблемот околу личните документи на ромите.[13] Па оттука, мошне често тие немаат никаков документ уште на самиот почеток на кривичната постапка, при што се случува

13 Стратегија за ромите во Р. Македонија 2014-2020 година, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Strategija%20za%20Romite%20vo%20RM%202014-2020.pdf, последна посета на: 30.11.2019.

тие да бидат осудени врз основа на „препознавање”, а практиката на учество во правниот промет без документ за лична идентификација, за жал продолжува и по нивното излегување. Во однос на бесплатната помош за издавање на лични документи се ангажира и придонесува ХОПС, како организација чија примарна цел е промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здавјето и социоекономскиот статус на сите луѓе. Особено на корисниците на дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување на штети, преку еднаков пристап до сервиси и услуги, зајакнување на заедницата, подигнување на капацитети, истражувања, анализи и застапување. [14]

## КПД од отворен вид Струга

Состојбата во КПД од отворен вид Струга беше различна од горенаведената, со оглед на самиот карактер на установите од отворен тип. Повторно, речиси сите затвореници одговорија дека условите за издржување на казната и третманот од страна на затворскиот персонал кон нив, се сосема во ред. Во оваа установа сретнавме само еден затвореник кој беше Ром. Истиот беше во можност да направи споредба со условите во КПУ Идризово, па за него сегашните услови на изджување казна се далеку поприфатливи. Сместен во просторија со затвореници од различна етничка припадност, не можеше да пријави различен третман во однос на нив. Просториите, со оглед на можностите изгледаа пристојно.

Добро организирано општество подразбира регулација на статусот и вклучување на сите ранливи и маргинализирани групи во креирањето на сликата за општото добро. Под тоа се подразбира и инволвирање во општественото чинење од страна на осудениците. Само така би можеле да ја промениме состојбата на зголемување на бројката на криминалот и рецидивот. Улогата на Центарот за социјални работи е голема, особено во случај кога кај сторителот по издржување на казната затвор, постои можност за враќање во семејство кое би

14 Официјална страна на ХОПС - https://hops.org.mk/misija-i-vizija/, последна посета на: 30.11.2019.

претставувало поволна средина за повторно развивање на девијантно однесување. Системот на постпенална помош бара поголема ефикасност и организираност со цел зголемување на правната сигурност како за осудениците така и за целото општество. Имајќи ја предвид често лошата финансиска состојба на ромските семејства, несомнено се нагласува потребата од реагирање на соодветните институции за обезбедување одредена помош.

ЦСР како одговорна институција за овие прашања, во однос на целата проблематика е загрижувачки отсутна, како во реагирањето, така и при евентуалното подобрување на ваквите состојби. Оттука, институциите се оние кои имаат должност и обврска да се грижат за положбата, третманот и воедно остварувањето на човековите права на затворениците. Сосема очигледно е дека соработката меѓу надлежните инстиуции е нужна за овие лица како маргинализирана група да можат повторно да бидат дел од општеството, како  одговорни и активни чинители на истото. Цврсто веруваме дека нивната негативна епизода од животот не смее да биде продолжена и по излегување од установата, што пак би можело да значи сторување на ново кривично дело, особено бидејќи тоа не е во прилог на самиот концепт на здраво и сигурно општество, кое се бори против рецидивизмот.

## Затвор Тетово

Во интерес на добивање што е можно пореална слика и увид за третманот на осудениците, како испитаници во горенаведениот прашалник ги зедовме и оние од затворот Тетово.  Истиот во моментов брои вкупно тројца затвореници од ромска етничка припадност. Најпрво, во однос на условите во затворот, истите не се задоволителни од аспект на просторниот капацитет, со оглед на податокот дека максималниот број на  затвореници би можел да биде осумдесет, а моменталната бројка изнесува околу 75 затвореници. За жал, во однос на работилниците или работните активности, состојбата не е ништо поразлична од онаа во останатите затвори кои ги посетивме. Потребата од ваквиот начин на организирање на нивното слободно време е

неопходна, пред сѐ поради изразување желба од самите затвореници, но и од персоналот кој ни укажа за истата. Во оваа установа се издржуваат казни за кривични дела до 3 години и најчесто станува збор за примарни сторители, додека пак дел од нив се префрлени од КПУ Идризово, по издржување на половина од казната.

Првиот испитаник, во периодот на досегашната 4 месечна казна затвор не почувствувал некакво вербално или физичко понижување, од страна на затворските служби или останатаите затвореници како резултат на својата етничка припадност. Истиот истакна дека прима и метадонска терапија која се дели од доктор, што значи дека метадонот се држи подалеку од нивен дофат заради спречување на можни злоупотреби и несакани последици. Како одговор на прашањето што би сакал да се промени во оваа установа одговори дека би сакал да добие некаква работа или да научи некаков занает. На прашањето дали има каде да биде згрижен по издржување на казната затвор , одговори афирмативно, како и дека се радува на излегувањето од оваа установа бидејќи има малолетни деца и планови во однос на иднината. Исто така надополни дека има чести посети од својата мајка која го советувала што поскоро да ја сведе на минимум и целосно се откаже од метадонската терапија, за што и тој самиот се трудел објаснувајќи ни за тешките кризни периоди кои често ги поминувал. Што се однесува на сегрегацијата на ромите во затворите како класичен пример на дискриминација, во оваа установа не бевме во можност да ја утврдиме истата, пред сѐ поради малиот број на роми. Состојбата кај другите затвореници во однос на самите услови и третманот е нешто поразлична, едниот од нив наведе дека би сакал што е можно побрзо да излезе од затворот и ако е потребно и понатаму да издржува казна затвор, би било пожелно тоа да биде во затворот во Прилеп, како поради локациската погодност при посетите така и поради лошиот однос со останатите затвореници. Понатаму надополни и дека мошне често се случува да биде омаловажуван вербално, но и физички од останатите затвореници, пред сѐ на етничка основа, поради што како резултат на тоа бара преместување во друг затвор. Забележавме дека неговата состојба е значитечно отежната поради неможноста



Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

да добива посети од своите и немањето близок во затворот со кого би разменувал неколку збора. Дополнителен проблем и страв за него предизвикала дојавата дека во истиот затвор ќе дојде негов роднина со кој имаат „крвна одмазда”. Како и претходниот затвореник, така и тој е корисник на метадонска терапија.

## Дилеми околу метадонската терапија - лек или смрт за затворениците?

Бројот на зависници од дрога во затворите од година во година бележи значителен пораст. Оттука, метадонот како најпознат супститут стапува на терен. Ваквата „терапија” е начин на лекување на зависности од дроги, која се дава за неутралзирање на болките и постепено одвикнување. Делува на начин што ги оневозможува еуфоричните и седативните дејства на опијатите. При правилно дозирање не доведува до еуфорија, труење или поспаност, а пред сè ја намалува хроничната потреба за опијати. Метадонот исто така влијае на намалување на ризиците од пренесување на крвно и сексуално преносливи инфекции, а наедно претставува и ефикасно средство за заштита од ХИВ, како и од хепатит (според податоците на ХОПС).[15] Она што треба да се обелодени во однос на метадонот е фактот дека станува збор за исклучително опасна и потенцијално смртоносна „хемикалија”. Дозирањето може да биде најразлично во зависност од потребите поради кои првенствено се зема лекот, како и од реакцијата на телото на корисникот, но и покрај тоа предозирањето е доста честа појава. Докторите се оние кои треба да ја прилагодат дозата на метадон за секој пациент одделно, согласно нивното ниво на болка и толеранција на различните несакани ефекти. Од компаративната анализа забележавме дека ваква практика постои и во Шпанија.

Во нашата држава познати се неколку случаи на смрт поради труење со метадон. Парадоксално е тоа што во ниту еден случај, починатите лица не се воделе како корисници на метадонска терапија, пред и за време на нивниот престој во затворот. За сите овие случаи биле поведени индивидуални кривични постапки, а била поднесена

15 https://hops.org.mk/supstitutsiska-terapija-za-zavisnosti-od-opijati/

и колективна граѓанска тужба - пред Основен суд Скопје II Скопје, на 27.03.2018 година, како и постапки пред Стразбур. Во однос на необезбедувањето здравствена заштита пак, се подготвува и actio popularis (пред меѓународни органи). Како тужени се јавуваат Министерството за здравство и Управата за извршување на санкции, поради дискриминација во нивниот пристап до здравствена нега и заштита, која подоцна резултирала со смрт.

Необезбедувањето соодветна здравствена нега за затворениците, посебно за оние од ромска националност, претставува прекршување на членовите 5 и 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така, тоа претставува прекршување на членовите 9 и 39 од УРСМ, членот 46 од Законот за извршување санкции и членот 2 (право на живот) во врска со членот 14 (заштита од дискриминација) од Европската конвенција за човекови права. Она што е особено загрижувачки е дека најверојатно постојат и други случаи кои не се евидентирани од разни причини, меѓу кои и поради фактот дека ромите не секогаш се декларираат како роми.

## Здравствена положба на ромите во затворите и случаи на труење со метадон и други опијати во Република Северна Македонија

Правото на здравје како основно човеково право, пред сѐ е препознаено и загарантирано со меѓународното право, односно со бројни конвенции и декларации, а понатаму и со уставите и законите на националните држави.

Здравствените статистики во нашата држава не се разложени според етничка припадност, а надлежните здравствени институции немаат соодветни податоци за здравствениот статус на ромите. Истражувањата како и работата на граѓанските организации се единствен извор на податоци за актуелната состојба во ромските заедници во поглед на нивното здравје.

Генерално гледано, најголем дел од ромите не се во можност самостојно да изберат матичен лекар, а висок е процентот на оние што страдаат од хронични заболувања и не се во можност да ги обезбедат

неопходните лекови. Исто така тие се соочуваат со недоволни и нејасни објаснувања за нивната здравствената состојба, не се во можност да ја покријат партипацијата за здравствените услуги, а во одредени случаи тие не се задоволни од односот на здравствениот персонал кон нив, пред се поради предрасудите и стереотипите кои постојат во општеството.

Во однос на здравствената положба во самите затворски установи, не бевме во можност да увидиме дискриминација или нееднаков третман, споредено со останатите затвореници кои се од друга етничка припадност, меѓутоа случаите на труење и смрт на овие лица не смеат да бидат занемарени.

Првиот ваков случај[16], во нашата држава датира од 2010 година, а конечно бил разрешен по цели седум години. Андриас Реџепов (21), Јусинов Ердал (25), Сутkие Мустафова (46) и Беким Демир (39), се четирите лица кои починале во нашите затвори во 2017 година, поради отсуство на соодветна здравствена заштита и нега. Два од овие случаи биле предозирање со комбинација од метадон и бензодијазепами (синергетско дејство). Како причина за смртта на Андриас било наведено труењето со метадон. Сепак, мајката на Реџепов тврдела дека нејзиниот син пред да почине бил претепан од затворските чувари, а истото го потврдил и претставникот на ромската заедница во Шуто Оризари, Геге Демировски, велејќи дека има докази кои говорат дека затворските стражари брутално го тепале Реџепов на скалите во затворот, пред да го однесат во соба, каде продолжиле да го малтретираат. Родителите на починатото момче исто така ги обвиниле затворските власти за неуспехот да обезбедат навремена медицинска помош, но и за тоа дека не биле известени за состојбата и смртта на нивниот син од затворската служба, имајќи го предвид фактот дека за смртта дознале преку телефонски повик од друг затвореник. Понатаму, изворите на ЕЦПР тврдат дека во случајот на Јусеинов, докторот дал непозната доза на необележани апчиња без рецепт, кои тој ги примал сѐ до денот кога починал. Според сведоштва, четири часа пред неговата смрт Јусинов барал прва помош, но истата не ја добил.

16 Извор: ЕЦПР, ноември 2019.

Во 2017 година[17], во затворот Идризово исто така починале Беким Демир и Суткие Мустафова. Беким Демир, официјално, починал од предозирање. Неговата смрт била предизвикана поради труење со таблети 'Празин' откако нему му била дадена несоодветна доза од страна на медицинскиот персонал. Повторно, и овој случај е мистериозен, бидејќи тој неколку часа пред  да почине стапил во контакт со своето семејството, жалејќи се на потешкотии при дишењето откако лекарот во затворот му дал две инекции поради кои тој подоцна се чувствувал парализирано. Истиот го замолил своето семејство да дојде во затворот и да му помогне. Беким отслужувал 3-годишна казна затвор за кражба и немал сериозни здравствени проблеми пред да биде примен во КПУ Идризово. Суткие Мустафова пак, починала поради очигледна медицинска негрижа, според сознанијата кои говорат за тоа дека нејзините претходни здравствени компликации биле игнорирани. Обвинувајќи ја дека ја лажирала болеста, персоналот ја повлекол навремената медицинската нега. Како изговор била наведена нејзината психолошка состојба уште при влегување на установата, при што повторно станува збор за апсурд, сметајќи дека доколку истата не била пресметлива не би смеела да биде сместена токму во ваква установа. Резултатите од аутопсијата говорат дека во нејзиното тело имало висока доза на бензодијазепам.

Оттука, ЕЦПР сметаат дека затворските власти потфрлиле во навременото испитување на евентуалната небрежност во администрирањето со метадон и навременоста на итна медицинска помош.

Соочени со поразителната животна реалност на ромите затвореници, сметаме дека од круцијална важност е заострувањето на затворските кодекси, на законите во областа на заштита од дискриминација, остварување на сите процесни права во кривична постапка, како и во поглед на условите за издржување казна.

## Случаи на полициска бруталност на ромите во Р. Северна Македонија

Полициски службеници, се оние кои се сметаат за најодговорни во однос на заштита на правата и слободите на сите граѓани, а сето

17 Извор: ЕЦПР, ноември 2019.

она што отстапува од ваквата нивна улога, е само јасен показател за постоење на одредени пропусти во функционирањето на демократскиот систем. ЕСЧП има донесено неколку пресуди во кои е констатирана полициска бруталност, односно кршење на членот 3 од ЕКЧП, (забрана за тортура) а во дел од нив и кршење на член 13 од истоимената конвенција. Најпознатите случаи на полициска бруталност се Сулејманов против РСМ, Јашар против РСМ, Целадинов против РСМ. Во однос на случаите Сулејманов против РСМ и Јашар против РСМ, жалителите биле застапувани од ЕЦПР. Тие тврделе дека биле малтретирани од страна на полицијата, што предизвикало психичко страдање поради тортура, нечовечки и деградирачки третман, како и дека не била спроведена истрага од страна на јавниот обвинител.

За жал, статистиката говори и за други случаи во кои е констатирана полициска бруталност која се однесува на материјалниот дел (утврдување дека врз апликантот била вршена тортура или друго малтретирање) и на процедуралниот дел (неводење истрага и непреземање какви било други мерки и активности во врска со подложеноста на апликантот на тортура или малтретирање). Жалителот (предметот Сулејманов против РСМ) побарал 20.000 евра во врска со надомест за нематеријалната штета за болката, физичките повреди, фрустрацијата, маката и беспомошноста кои ги претрпел како резултат на малтретирањето од страна на полицајците, додека бил во многу ранлива позиција, т.е. на милост на полицајците. Тој исто така, тврдел дека имало пропусти во последователната истрага спроведена од страна на домашните органи. Понатаму тој упатувал на неговото ромско потекло, истакнувајќи дека неговиот предмет не е единствен во поранешна Југословенска Република Македонија. На крај, од Судот било побарано да ја земе предвид наводната системска природа на повредата при вршењето на проценката на нематеријалната штета и дека доделувањето на повисок износ ќе влијае на тужената Влада, во иднина да заземе поцврст став против полициската тортура насочена кон ромската заедница.

Имајќи предвид дека надлежните власти не преземаат какви било истражни мерки, а јавното обвинителство не постапува по кривични

пријави против полицајци ( како во слуаите Јашар против РМ, Сулејманов против РМ, Целадинов и други против РМ, Трајкоски против РМ, Ел Масри против РМ), ЕСЧП во овие случаи заклучил дека немало истрага за тврдењата на апликантот дека полицијата го малтретирала, па оттаму било утврдено дека имало повреда на член 3 од Конвенцијата во процедуралниот дел. ЕСЧП понатаму заклучил и дека насилниот третман кој бил причина за значајна физичка болка, страв, агонија и душевно страдање претставувал тортура што го повредила членот 3 од ЕКЧП и во материјалниот дел.

Меѓународоното право е она кое најмногу допринело мачењето или тортурта да се смета за исклучиво тежок облик на нарушување на човековите права и слободи, за кој е потребно да се воспостави соодветна истрага и остра осуда за сторителите. Говорејќи за меѓународно-правната регулирност на забраната на актите на тортура и останатите облици на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување секако дека Универзалната декларација за правата на човекот (УДЧП) усвоена во 1948 година е најбазичниот документ со кој се предвидува дека  “Никој не смее да биде подложен на мачење или на свирепа, нечовечна или понижувачка постапка или казна” (член 5 УДЧП).  На европско ниво забраната за тортура е предвидена и регулирана со Европската Конвенција за заштита на човековите права донесена од страна Советот на Европа во 1950 година. Одредени одредби за забрана на тортурата и останатите облици на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување се содржани и во “Правилата на Обединетите нации (ОН) за минимални стандарди за постапување со затвореници” од 1957 год., како и во “Меѓународниот Пакт за граѓански и политички права на човекот и граѓанинот” од 1966 година. Исто така во оваа група на документи спаѓа и “Кодексот на однесување на ОН за овластените службени лица задолжени за спроведување на законот”  од 1979 година како и “Начелата на медицинската етика релевантни за улогата на медицинскиот персонал, особено лекарите, во заштитата на затворениците и притворените лица од тортура и други облици на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување” од 1982 година.


Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Сето ова укажува на суровата реалност дека нашата држава не ги почитува ваквите одредби, а самите полициски службеници посегнуваат кон физичко малтретирање со примена на сила, тепање, со различни закани, навреди и малтретирања кои го задоволуваат нивото на едно понижувачко постапување.

Тортурата може да има најразлични дефиниции, а една од нив која всушност се смета за најприфатена е следнава: Дејствие со коешто намерно се нанесува сериозна болка или страдање, било физичко или ментално, на лице со цел добивање од него или од трето лице информација или признание, казнување на лицето за дело коешто тоа или трето лице го извршило или е осомничено дека го извршило, или заплашување или принудување на тоа лице или на трето лице, или пак од причина заснована врз дискриминација по било кој основ, кога таквата болка или страдање се нанесува од страна на или на барање на или со знаење или премолчена согласностна службено лице или друго лице кое постапува во својство на овластено службено лице. Таа не опфаќа само болка или страдање коишто произлегуваат од, коишто се својствени на или коишто се придружни на законските санкции. [18]

Следствено, тортурата е сериозно прекршување на фундаменталните човекови права, а особено кога ваквите дела се извршени од страна на лица од кои би требало да се добие потребната заштита и сигурност. Притворените лица и осудените затвореници често пати се најранлива група во поглед на овие дела, пред сè бидејќи истите се лишени од слобода и се чувствуваат подредено. Затворениците се наоѓаат надвор од видокругот на останатото општество, па затоа претставуваат група за којашто општата јавност има сосем малку разбирање и сожалување. Генерално гледано во РСМ полициската бруталност и тортура се реална слика и пракса не само во однос на ромите, напротив во однос на сите затвореници, без оглед на нивната етничка припадност.

18 United Nations Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment – UNCAT – Оваа дефиниција е содржана во член 1 од Конвенцијата

Затворите се средина на присилно режирање на секојдневните активности како резултат на непочитување на воспоставените општествени норми, со негување на обрасци на однесување кои често се стекнати поради различно поимање на сенсот за општиот морал. Често искривената слика за реалноста и отсуството на соодведната матрица за нивното воспитување во духот на прифатените морални и социјални вредности дава ситуација во која нивното девијантно однесување значи повреда на воспоставените објекти на заштита. Сето ова во ниту еден случај не е причина за оправдување, ниту пак некоја олеснителна околност, напротив тоа е само една несреќна околност која треба да ни посочи дека нехуманиот третман не смее да продолжи како начин за нивно дополнително казнување. Никој не се раѓа како криминалец (во светлина на теоријата на Цезаре Ломброзо), а криминалното однесување е само еден вид научено однесување. Она што никако не би смеело да се замисли, ниту пак случи, е тие во затворот да научат само како да бидат подобри во она што досега го практикувале, а тоа е да постанат подобри професионалци. Токму поради тоа се залагаме за промени во целокупниот затворски систем. За еден нов затворски систем кој нема да му оди во прилог на криминалот, туку ќе ги отстрани предизвиците кои само придонесуваат овие лица да се чувствуваат безвредно, непожелно, опасно и неприфатено во самото општество.

Потребата од еднаквост во остварувањето на своите права, во насока на еднаква позиција за сите е несомнена, како би се спречило понатамошно злоупотребување и изигрување на основниот концепт за заштита на човековите слободи и права. Следствено, ваквата заштита е гарантирана и во општите меѓународни стандарди и принципи, имајќи го предвид нивниот супериорен карактер. Погореопишаната состојба е резултат на долго и со доза на иронија „традиционално" кршење на меѓународните норми.

Спроведеното истражување покажа дека подвоеност во третма-


Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

нот, поради припадноста на некоја етничка заедница во затворите генерално не е забележана, меѓутоа за општата лоша слика и несоодвените услови и третман може да се зборува многу. За жал, неспорно е дека постојат случаи на недоволна грижа и видливо кршење на човекови права.

Најголемиот број кривични дела кои се сторени од страна на припадниците на ромската етничка заедница се од групата на дела против имотот, малкумина од нив беа против животот и телото. Најголемиот индикатор за често сторување на оваа група кривични дела е нивната лоша финансиска ситуираност. За таа цел, се алудира на алармирање на соодветните институции во организација на давање соодветна социјална помош за загрозените ромски семејства.

Зборувајќи за поимот казна најпрво се воочува нејзиниот ретрибутивен карактер, чија водечка цел е остварување специјална и генерална превенција во насока на можно повторно востановување на морален систем кај деликвентот.

Народниот Правобранител смета дека целта на меѓународните стандарди за правната положба на осудените лица е определена од потребата за заштита на нивните права, нивното човеково достоинство, обезбедувајќи притоа, овие лица да не бидат запоставени односно заборавени, воспоставувајќи систем на третман според кој ќе се ублажат последиците на нивното оддалечување од заедницата.

Оттука, според Европските Затворски Правила, со сите лица лишени од слобода, се постапува со почитување на нивните човечки права и притоа животот во затворот треба да биде што е можно поприближен на позитивните аспекти од животот во заедницата. Во поглед на упатувањето во затвор и сместувањето, овие правила меѓудругото предвидуваат и дека условите за сместување на затворениците, особено просториите за спиење, мора да водат сметка за човековото достоинство и колку што е можно да се почитува приватноста и да се исполнуваат барањата за одржување на здравјето и хигиената, водејќи сметка за климатските услови и особено за повшината на подот, количината на воздухот, осветлувањето, греењето и вентилацијата. Исто така неопходно е да се има предвид и Европската Конвенција

за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, која е ратификувана од Собранието на РСМ. [19]

Понатаму Стандардните минимални правила или уште попознати како (Nelson Mandela Rules), претставуваат основен, изворен збир на правила што се однесуваат на постапувањето со лицата лишени од слобода. Се јавуваат како резултат на долготрајни дискусии и дебати, анализи за сосема на крај да се утврди потребата од имплементирање правила со кои ќе се ограничи присилбата што државата ја применува врз затворениците, преку извршувањето на казната затвор во казненопоправните установи и таа да се постави во одредени рамки. [20]

Сосем доволен и јасен приказ на состојбите е и фактот дека Комитетот за превенција од тортура, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, зборуваат за неминовноста од итна промена на условите во казненопоправните институции во Северна Македонија, од кои дел биле оценети како нечовечки и деградирачки. Уште повеќе, нашата држава веќе подолг период, особено во последната деценија, е мета на критиките на меѓународните и домашните монитори за недостоинствените услови во затворите и за нехуманиот третман на лицата кои издржуваат затворски казни.

Осознавањето на вистинската слика за оваа проблематика, беше нашата примарна цел. Рехабилитацијата и ресоцијализацијата за жал во нашата држава сè уште се сфаќаат како „недостапни идеали”, целосно непознати во затворските установи низ државата. Продлабочувајќи се низ ваквите предизвици и проблеми на нашиот кривичен систем, наидовме на сознанија кои се обидовме да ги прикажеме на највистинит можен начин, притоа надевајќи се дека со тоа ќе придонесеме кон иден поправичен и достоинствен третман. Всушност, во најмала рака нашиот придонес би водел кон пројавување свест за потребата од изнаоѓање соодветни и итни решенија, со цел надминување на проблемите кои постојат во македонските затвори.

---

19 ,,Во заштита на правата на осудените лица"
http://ombudsman.mk/upload/documents/MKD%20A4%2001%20krivi.pdf, последна посета на 3.12.2019.

20 Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners,
https://www.unodc.org/pdf/criminal_justice/UN_Standard_Minimum_Rules_for_the_Treatment_of_Prisoners.pdfпоследна посета на 3.12.2019.

За крај, како што рекол Фјодор Достоевски, степенот на цивилизација во едно општество може да се оцени, ако се влезе во неговите затвори. Процесот на стекнување на општестените позитивни навики кај затворениците може да биде макотрпен, но не и невозможен, бидејќи не секое лице може да биде научено на почитување на социјалните вредности, па оттука и целосно ресоцијализирано. Покрај тоа, настојувањето да се придонесе кон позитвно однесување во склад со општествените норми, е обврска на целокуната социјална средина со идеја за здраво и сигурно општество.

| Установа: | | |
|---|---|---|
| Бр. | Прашање | Одговор |
| 1. | Колку години имате? | |
| 2. | Од кој град доаѓате? | |
| 3. | Кривично дело/дела за кое/кои сте осудени? | |
| 4. | Дали сте задоволни од условите во затворот и третманот на персоналот кон вас? | |
| 5. | Дали се организираат некакви обуки и работилници во рамки на затворот и какви? | |
| 6. | Дали добивате награди или казни и од каков тип? | |
| 7. | Дали го користите правото на посета? | |
| 8. | Дали добивате редовна здравствена помош? | |
| 9. | Дали Ве посетува психолог и колку често? | |
| 10. | Дали имате конфликти со другите затвореници? | |
| 11. | Што најмногу ви смета во затворот и што би сакале да се промени? | |
| 12. | Дали некогаш сте биле физички нападнати или омаловажувани од страна на затворската полиција? | |
| 13. | Дали имате каде да одите по издржување на казната затвор (дом)? | |

Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
GFA CONSULTING GROUP
EU for YOU



МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО
Агенција за остварување на правата на заедниците

# FAIR AND EQUAL TREATMENT OF THE ROMA IN THE MACEDONIAN PRISONS

## INTRODUCTION

The project **"Fair and equal treatment of the Roma in the Macedonian prisons"** was implemented by the **Macedonian Society of Penology** as part of the Megaproject of the European Commission on Enhancing Democracy through promotion and protection of Minority Rights, whose ultimate beneficiary is the Agency for Exercising the Rights of Communities. The Macedonian Society of Penology is the first non-governmental, non-party and non-profit organization that deals with penology, that is, the development of the penological thought in the country. The Macedonian Society of Penology, which is comprised of several experts, aims to improve the conditions in the penitentiary institutions, and ultimately to provide a fairer treatment of the convicts and their successful resocialization and reintegration into society. To this end, this project, as its tittle in fact suggests, was intended to draw the attention of the Macedonian scientific and expert public to the treatment of the convicts who are part of the Roma community, and in particular to highlight the possible inequalities between the individuals in the penitentiary institutions.

## PREVIOUS FINDINGS

The idea of this project is the result of two previous findings. First, there is still a factual inequality between the Roma and the members of other communities in the Macedonian society.[1] Second, the penitentiary institutions are a reflection of society in general, therefore there is a justifiable suspicion that the inequality is also reflected there. Additionally,

1 More information in Spitalski A. (2018). "The Roma in the Republic of Macedonia: Challenges and Inequalities in Housing, Education and Health Care" ("Romite vo Republika Makedonija: Predizvici I neednakvosti vo domuvanjeto, obrazovanieto i zdravstvenata zashtita"). Roma Democratic Development Association "Sonce" and the Minority Rights Group International, available at https://minorityrights.org/wp-content/uploads/2018/11/MRG_Brief_Mac_MAC_Nov18.pdf (last accessed on 26.11.2019).

there is a permanent detection of the institutional problems related to the inconsistent protection of the rights, both in the pre-trial and court procedure, as well as in matters following the termination thereof and the possible placement in an adequate penitentiary institution. Penology, on the other hand, as an individual and relatively young scientific discipline, places its study focus on the conditions and treatment of the delinquents in the correctional institutions. Through the analysis thereof, the penological science and practice create a suitable basis for further improvement of the conditions, which would mean successful resocialization and readaptation in the social environment. Given the general meaning of the principle of legality, it is inevitable to mention its application through the prison code. However, what would that actually mean? As we have already emphasized, the enabling of a fair and equal treatment of all prisoners is essential for the implementation of a successful resocialization process. Unfortunately, the practice of treating prisoners in the Macedonian prisons speaks of a completely different situation. A situation that in no respect of the term equality (in the broader sense) means its consistent application. What is important to note is that in no case should the sentence of imprisonment, with its retributive character, be equated with the misconception about the need for deterioration of the conditions, for the purpose of further retaliation for the committed acts.

What is worrying is the fact that the violation of the rights of the Roma as prisoners begins even during the process of the filing of the criminal report against them and lasts until the completion thereof, and most often even after their placement in the relevant institution. The previously conducted analyses on the topic point to the fact that even during the interrogation by the police inspectors there have been cases of attempt to impose the confession of a crime, whereby they were convinced that they would not suffer more severe consequences.

On the other hand, the conditions in the penitentiary institutions are crucial in terms of their close connection with recidivism and, of course, the spread of the criminal contagion. Hence, the primary goal of this publication is to contribute to the extent possible to a fairer and more

equal treatment of the Roma within the penitentiary institutions, aimed at the promotion of the principle of protection against discrimination, thus ameliorating their dignity and integrity. Given (at least until now) that such institutions do not provide the treatment that is necessary and crucial for the individual resocialization, taking into consideration the differences between the convicts, it is of particular importance to conduct further analysis of the treatment of the Roma as convicts in these institutions and the (in)ability for them to fully exercise their rights. Discrimination, inhumane and brutal treatment, as well as the lack of proper health care, are only part of the range of problems these persons face while serving their prison sentences. Consequently, this publication seeks to create awareness and emphasize the protection and promotion of the rights of these people, who are not able to personally fight for the consistent exercise thereof, as well as to find solutions and suggestions that will lead to a more humane treatment. According to the data from the Directorate for Execution of Sanctions, the Roma represent 16% of the prison population in Macedonia. At the same time, they accounted for 50% of the prison deaths in 2017 (four out of eight). This situation is especially alarming! The need to prevent further deaths in these institutions is urgent. In the role of the expert public, as members of the MPS who are intrigued with this issue, together with the rest of the (general) public, we must not remain "mute" to the situations described above. The stability of a country primarily means legal treatment of the marginalized groups in the exercise of their rights, regardless of the fact whether they have committed crimes or not, thus emphasizing the need to make a distinction between the prison sentence and the conditions of serving thereof.

Severe crimes are likewise committed in developed countries, where the conditions are far better than the ones in our country, which leads to the conclusion that the severity of the crime has absolutely no connection with the meeting of the established standards for serving a sentence. Having in mind all the international conventions that our country has ratified, and that refer precisely to the need for humane treatment of each individual (while imposing certain standards), the

responsibility of the competent institutions is completely obvious. Namely, if there are humane conditions provided, whereby they would be able to fulfil their daily human needs in the most dignified way, then the chances for these persons to develop awareness, desire and willingness to cooperate are far greater. Such conditions would further contribute to a significant reduction of the violence and the conflicts among the prisoners. Speaking of humane conditions, it is necessary to clarify what we actually mean by this term, that is, it includes the provision of proper accommodation, food and water, access to light, fresh air, health care, as well as the organization of certain physical activities or workshops. However, anything that is the complete opposite to the human conditions (subhuman conditions) will result in an anomaly in the system, that is, the result would be an increase in the revolt, violence and aggression, with a conclusive reaction that such conditions would be a “fertile ground” for further spread of crime.

Hence, inadequate conditions would lead to a possible further deterioration of the physical and mental health of the persons, which would not coincide with the one they had when they entered the institution.

## DETECTED SITUATIONS

In order to successfully implement the project, the Macedonian Society of Penology conducted an analysis with the use of a number of methods. The questionnaire that was administered during the visits to the respective penitentiary institutions was comprised of a total of 13 questions. The questions were the same for all institutions and generally referred to the age of the prisoners, the city they come from, the crime they committed, whether they are satisfied with the conditions in the institution, what they do not like and what they would like to change. In addition, the questionnaire included questions about whether they are visited by a psychologist, how often such visits are made, and whether

they have access to a psychologist whenever they feel the need therefor. Questions were asked about the regular health care, proper medical therapy, whether they have any physical activities, workshops or trainings and whether they have work responsibilities. They were likewise asked about their relations with the other prisoners, whether they have frequent conflicts and whether they receive awards and punishments, and if they do, what is the type thereof. Finally, the question of whether they have a place to go after serving the prison sentence was of particular importance.

### Ohrid Prison

In accordance with the legal framework presented above, during the visit of the prison in Ohrid, in which the Tetovo Juvenile Educational Correctional Facility is temporary (even though, to be honest, a long period of time has passed since) placed, a direct inspection of the premises was conducted, and a questionnaire was likewise distributed among the Roma convicts (who, in fact, comprise the majority of the convicts). In continuance we emphasize the essential data obtained during the inspection, that is, from the conversations with the convicts.

With regard to the crimes they committed, the majority of them were robberies, thefts, heavy thefts, several cases of attempted murder and one case of a child sexual abuse. As for the conditions in the institutions, a large part of the respondents said that they were satisfied with them, having in mind the fact that they were aware of the type of institution in question. The most common answers to the question of what they would like to change were the sports facilities (fields) or gyms. Also, almost all of them expressed a desire to continue their education within the institution, attend workshops or have the opportunity to work again within the institution itself. Pursuant to the answers given, the education and the organization of trainings within the institution itself ceased in March 2018. The conversation with the staff showed that the prisoners organized everything themselves, according to their abilities, knowledge and opportunities, in order to continue their education, but also to engage these persons (most of whom are still minors) so that


Enhancing Democracy through Promotion and Protection of Minority Rights
This project is funded by the European Union
Агенција за остварување на правата на заедниците
МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

they use their time spent there in a productive manner. Regarding the visits of a psychologist, almost everyone answered that they could talk to one anytime they felt the need, and that they felt better after such conversations. Sensing a particularly friendly attitude, we were able to determine that they were quite satisfied with the conversations with the psychologists, and that were constantly with them during their working hours. This is primarily important because we must not forget that these are minors who are at the beginning of their lives, who regardless of what they have done deserve a change to get back and become involved in all pores of the active social life. To this end, we would like to state the idea that there is a need for functional libraries to be opened within the framework of such facilities, which will be supplied with books from different fields and will be available not only in Macedonian and Romani language, but also in any other language spoken by the communities.

According to the answers, the rewards mostly include several hours spent at home, a free weekend or a permit for performing work activities. One of the respondents said that he was hired as a gardener in the hospital in Ohrid, for which he received a compensation. The solitary confinement was mainly mentioned as punishment, which punishment lasted up to a week.

We often received answers that they were generally satisfied with the conditions provided so far, however their only desire would be to return home to their families. Most of the prisoners responded that after serving their prison sentence, they had a place to go and to be properly cared for, however three of them responded that their situation was not good, and that they would have problems with that after leaving the institution. It should likewise be emphasized that there is a need for possible separation and increase of the spatial capacity where the sentence is being served, primarily due to the frequent conflicts between the prisoners in the Juvenile Educational Correctional Facility and the prison. We noticed that there was almost no separation of the space between the educational unit and the prison section. The children who are located in the Juvenile Educational Correctional Facility do not have a big yard where they would be able to go out and relax, and given that

the rooms themselves in which they are accommodated are too small and inadequate, this is just another problem that affects their mental health. The questionnaire also included a question that was of essential importance for us in order to get acquainted with the fair and equal treatment of the Roma as prisoners, and it referred to the physical or verbal assault by the police officers. Some of them said that they had not been humiliated or physically assaulted so far and that this was due to their exemplary behaviour, but some of them also said that physical force was used in situations where it was "necessary" in order for the peace and order to be maintained (when there were fights between the prisoners). Another problem are the personal identification documents of the Roma. Quite often, even at the beginning of the criminal proceedings, they have no documents at all, whereby they are often convicted on the basis of "recognition", and the practice of participating in legal transactions without a personal identification document unfortunately continues even after their release.

### PCI of open type Struga

The situation in the PCI of open type Struga was somewhat different than the one in Ohrid, given the very nature of the institutions of open type. Again, almost all prisoners said that the conditions for serving the sentence and the treatment by the prison staff were at the adequate level. We encountered only one Roma prisoner in this institution. He was able to make a comparison with the conditions in the PCI Idrizovo, whereby he said that the current conditions for serving a sentence were for him far more acceptable. Accommodated in a room with prisoners of different ethnicity, he did not report that he was being treated differently in comparison with them. The rooms, given the possibilities, looked decent and we could notice that the heating issue was not completely resolved as small heaters were used as heating means.

A well-organized society means regulation of the status and inclusion of all vulnerable and marginalized groups in the creation of the image of the common good. This also implies involvement of the convicts in the social actions. This is the only way in which we can change the

situation of the increase of the crime and the recidivism. The role of the Centre for Social Work is important, especially when the offender after serving the prison sentence has the opportunity to return to his family, which would be a favourable environment for the redevelopment of a deviant behaviour. The post-penal assistant system requires greater efficiency and organization in order to increase the legal certainty both for the convicts and the overall society. Given the frequent poor financial situation of the Roma families, there is undoubtedly a need for the adequate institutions to react in order for certain assistance to be provided. The CSW, as the responsible institution for these issues, is worryingly absent in both the reaction and the possible improvement of such situation. Hence, the institutions are the ones that have the duty and obligation to take care of the position, treatment and at the same time the exercise of the human rights of the prisoners. It is quite obvious that the cooperation between the competent institutions is necessary in order for these persons as a marginalized group to be able to be part of society again, as responsible and active members thereof. We firmly believe that the negative episode in their lives must not continue after they are released from the institution, which would mean committing a new crime, especially because it is not in line with the very concept of a healthy and safe society that fights against recidivism.

### Tetovo Prison

In order to obtain a more realistic picture and insight into the treatment of the convicts to the extent possible, we also asked the questions from the above questionnaires in the Tetovo Prison. There were three Roma prisoners in the prison during the investigation. First, when it comes to the conditions in the prison, they are not satisfactory in terms of the spatial capacity, given that the maximum number of prisoners is eighty, and the current number is about 75 prisoners. Unfortunately, with regard to the workshops or the work activities, the situation is no different from the one in the other prisons that we visited. The need for such type of organization of their free time is indispensable, first and foremost because of the expressed desire of the prisoners themselves, but also of

the staff therefor. The prisoners in this institution serve sentences for crimes with duration of up to 3 years and they are most often primary perpetrators, while some of them have been transferred from the PCI Idrizovo, after serving half of their sentence.

The first respondent said that he has not experienced any verbal or physical humiliation in the course of his 4-month prison sentence so far by the prison staff or the other prisoners as a result of his ethnicity. He noted that he likewise received methadone therapy that is given by a doctor, which means that the methadone is kept out of their reach for the purpose of prevention of possible abuse and unintended consequences. When he was asked about what he would like to be changed in this institution, he said that he would like to get a job or learn a trade. When he was asked whether he has a place to go after serving his prison sentence, he responded affirmatively, and added that he looked forward to being released from this institution because he had minor children and plans for the future. He also said that he is often visited by his mother who advised him to minimize and completely give up the methadone therapy as soon as possible, which he also tried to do thus explaining us about the difficult crises he often went through. Regarding the segregation of the Roma in the prisons, as a classic example of discrimination, we were not able to establish thereof in the institution, primarily due to the small number of Roma prisoners. The situation of the other prisoners with regard to the conditions and the treatment themselves is somewhat different, one of them stated that he would like to be released from prison as soon as possible and if it was needed to continue serving the prison sentence, he would like this to be in the prison in Prilep, both because of the convenience of the visits due to location and the bad relations with the other prisoners. He further added that he was quite often verbally and physically abused by the other prisoners, primarily on an ethnic basis, and due to this he requested to be moved to another prison. We noticed that his situation was significantly aggravated because of the inability to receive visits from his relatives and because he had no one close to him in the prison with whom he could talk. An additional problem and fear for him was created with the announcement that a relative of his would

come to the same prison with whom he was in a "blood feud". Like in the case of the previous prisoner, he was also receiving a methadone therapy.

## CONCLUSION

